EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES

Почитувани,

Европскиот центар за малцински прашања е германско-дански акционо-ориентиран центар кој нуди експертиза во полето на разрешување конфликти, работи на подобрување на односите меѓу малцинствата и мнозинствата. Европскиот центар за малцински прашања во неговиот мандат спроведува истражувања, нуди совети и информации во однос на позицијата на малцинските прашања. Експертската група за правата на граѓаните е дел од проектот „Ромски експертски групи за интеграција на Ромите" при Европскиот центар за малцински прашања.

Имајќи ја во предвид актуелноста на прашањето за изборното законодавство, вклучувајќи ги расправите и предлозите на тој план, Експертската група за правата на граѓаните изготви предлог за измена на Изборниот законик со препораки во насока на развивање и поттикнување на реално и правично мултиетничко општество.

За разлика од постоечките изборни модели, овој предлог модел нуди:

- 12 дополнителни пратенички мандати за помалите етнички заедници кои не се стриктно загарантирани;
- Отворена гласачка листа каде гласачот ќе може да го заокружи конкретното име на кандидатот;
- Натпревар помеѓу политичките партии во рамките на една етничка заедница, како и натпревар во рамките на самата политичка партија;
- Република Македонија како една изборна единица за помалите етнички заедници;
- Гласачко ливче, идентично на ниво на цела држава кое е поделено на два засебни дела:
  - Во првиот дел се избираат 20 пратенички места според пропорционалниот модел во 6 изборни единици .
  - Вториот дел од гласачкото ливче ќе се однесува на политичките партии на помалите етнички заедници кои ќе се натпреваруваат за дополнителните 12 пратенички места.

Доколку имате било какви прашања или имате потреба за детална презентација на изборниот модел кој го предлага Експертската група за правата на граѓаните, може да се обратите во канцелариите на Европскиот центар за малцински прашања.

Лице за контакт:
Др. Ебен Фридман; М-р Гордана Родиќ; дипл.екон. Ибрахим Ибрахими
Адреса: ул. Македонија 29/4, Скопје
Тел: ++ 389 3 215 637
Фах: ++ 389 3 215 639
Е-маил: ibrahimi@ecmirom.org

## *Вовед*

Преку проектот “Експертски групи за интеграција на Ромите“, Европскиот центар за малцински прашања настојува да направи промени со активно вклучување на Ромите во креирањето на програми кои се наменети за ромската заедница во Република Македонија, поголем професионализам помеѓу Ромите, како и создавање на можности за вклучување на Ромите во институциите на државата. Преку проектот се настојува да се зголеми нивото на интеграција на Ромите во македонското општество како целина, нивно екипирање, со цел играње на ефективна улога во демократското општество базирано на владеење на правото, како и успешното учество во конкурентниот пазар на работната сила.
Експертската група за правата на граѓаните при Европскиот центар за малцински прашања е составена од ромски активисти, студенти, претставници на Ромски НВОи кои работат на подобрувањето на положбата на Ромите во Република Македонија. Во изминатата година Експертската група за правата на граѓаните работеше на подигнување на личните капацитети и професионализацијата на нејзините членови, даде активен придонес при изработката на *Стратегијата за Ромите во Република Македонија* и спроведе истражување од областа на правата на граѓаните и постојано ги следи општествено политичките случувања во земјата.
Во Република Македонија во тек е измената на Изборниот законик по кој ќе се спроведуваат престојните парламентарни избори 2006 година. Експертската група за правата на граѓаните поддржувајќи ја иницијативата за измени на Изборниот законик, се вклучува со свои предлози и барања кон измените на Изборниот законик со препорака за поголема застапеност на етничките заедници во Собранието на Република Македонија, притоа акцептирајќи и акцентирајќи го прашањето на поголема партиципација на Ромите во донесувањето на заедничките одлуки.

## *Резиме на предлогот*

Во согласност со Уставот на Република Македонија (член 62) Собранието го сочинуваат од 120 до 140 пратеници. Начинот и условите за избор на пратениците се уредува со Закон (став 4 од истиот член).
Во тој контекст иницијативата на Експертската група за права на граѓаните се состои во предлог-измена на изборниот модел за престојните парламентарни избори во Република Македонија, кој треба да обезбеди поголема партиципација на помалите етнички заедници.
Предлогот се состои во можност за примена на постојниот пропорционален модел за 120 пратенички места во 6-те изборни единици, придружен со измена од дополнителни 12 места наменети за помалите етнички заедници *(етничките заедници кои партиципираат со помалку од 20% од вкупното население во Република Македонија)*, избрани врз база на сенационални листи по пропорционален модел.

12-те пратенички мандати се распоредуваат во согласност со процентуалната застапеност на помалите етнички заедници:

- 4 пратенички места за турската етничка заедница;
- 3 пратенички места за ромската етничка заедница;
- 3 пратенички места за српската етничка заедница;
- 1 пратенички места за влашката етничка заедница;
- 1 пратенички места за бошњачката етничка заедница.

## *Гаранција со натпревар*

Се предлага 12-те пратенички мандати да не се стриктно загарантирани, туку за нив да бидат определени посебни квоти за секоја помала етничка заедница. Во зависност до кое ниво ќе бидат постигнати, толку мандати да бидат распределени на етничката заедница. На тој начин ќе се задржи духот на компетитивноста за влез во законодавниот дом и во рамките на овие политички партии.

## *Начин на гласање*

Од технички аспект се предлага гласачкото ливче да содржи два засебни дела. Во првиот дел според пропорционалниот изборен модел да се избираат по 20 пратенички места по изборна единица, или 6 изборни единици по 20 пратеници, додека во вториот дел ливчето да биде идентично на ниво на целата држава и да се однесува на политичките партиите на помалите етнички заедници кои се натпреваруваат за 12-те пратенички места (со тоа што Република Македонија е една изборна единица).

За разлика од постојниот пропорционален изборен модел, за овие 12 места се предлага отворена гласачка листа каде гласачот ќе може да го заокружи конкретното име на кандидатот во било која политичка партија .

Отворената гласачка листа придонесува за намалување на хиерархиската поставеност и лидерството во рамките на политичките партии на помалите етнички заедници. Овој предлог обезбедува натпревар помеѓу политичките партии од една етничка заедница во рамките на заедницата на која што и припаѓаат од една страна, но и компетиција во рамките на самата партија. На отворената гласачка листа нема да има натпревар помеѓу различните етничките заедници.

Во секоја од 5-те етнички листи кандидати за пратеници може да кандидираат сите политички партии од таа етничка заедница со исклучок на оние кои ќе бидат во коалиција со другите политички партии и ќе имаат свои кандидати во првиот дел од гласачкото ливче..

Посебно внимание се посветува на определување на релевантните квоти кои ќе важат за секоја помала етничка заедница посебно, со оглед дека тие се разликуваат меѓусебно по својата бројност. Квотата треба да биде основа за легитимитетот на мандатите на избраните преставници од листата на помалите етнички заедници.

## *Предности на моделот*

- Поефикасна застапеност на помалите етнички заедници во законодавниот дом;
- Разбивање на биполарниот карактер на одлуките кои што се носат во рамките на законодавниот дом;
- Јакнење на мултиетничкото општество;
- Поттикнување на доверба и создавање на еднакви шанси и еднаква основа за партиципација;
- Поголема репрезентативност на гласовите на помалите етнички заедници;
- Истакнување на индивидуалните квалитети наспроти доминацијата на партиското лидерство во донесувањето на одлуките за кандидатурите;
- Поголема можност за самостојно учество на помалите етнички заедници кои имаат застапеност под 20 % од вкупното население во Република Македонија;
- Зголемување на влијанието на помалите етнички заедници во однос на донесување на одлуките - спроведување на државната политика.

Европски центар за малцински прашања – Регионална Канцеларија Скопје
Македонија 29/4, 1000 Скопје; Телефон: +389 2 3215 637, 3215 638 Факс: +389 2 3215 639;
E-mail: info@ecmimacedonia.org; Веб сајт: www. ecmimacedonia.org

***Препораки***

1. Да се зголеми застапеноста на помалите етнички заедници во законодавниот дом.

2. Да се подготви Изборен законик кој ќе биде во прилог на јакнење на мултиетничкото општество.

3. Да се инволвираат помалите етнички заедници во јавната дискусија за Изборниот законик.

4. Да се разбие биполарниот карактер на јавните дискусии земајќи ги во предвид интересите на помалите етнички заедници.

Европски центар за малцински прашања – Регионална Канцеларија Скопје
Македонија 29/4, 1000 Скопје; Телефон: +389 2 3215 637, 3215 638  Факс: +389 2 3215 639;
E-mail: info@ecmimacedonia.org; Веб сајт: www. ecmimacedonia.org